# З А П И С Н И К

Од 44-та редовна седница на Советот на општина Охрид
одржана на ден 29.06.2020 година

Четириесет и четвртата редовна седница на Советот на општината започна во 12:10 часот.

На почетокот на седницата присуствуваа 20 советници, претставници на стручните служби во локалната самоуправа и претставници на медиумите. Советниците Џемал Мена и Бесим Демиров на седницата пристигнаа со задоцнување.

Отсутна од 44-та седница беше советничката Снежана Стефаноска.

Претседателот на Советот Живка Ангелоска отвори расправа за записникот од 43-та седница на Советот. Записникот без забелешки беше усвоен со 20 гласови ЗА.

За работа на 44 - та седница на Советот беше предложен следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Предлог- одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу општина Охрид и општина Центар- Скопје.
2. Предлог- одлука за давање на времено користење на недвижен имот- градежно земјиште кое е Градежна парцела 13.1.2 од ДУП УЗ 13 УБ 13.1, на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид.
3. Предлог- одлука за прифаќање на иницијативата за размена на градежно земјиште.
4. Предлог- одлука за измена и дополнување на одлуката за начин на спроведување на постојните урбанистички планови и урбанистичко плански документаци како и за времен прекин на постапки за утврдување правен статус на бесправно изградени обејкти, бр. 08-3172/3 од 18.03.2020 година.
5. Предлог-измени и дополнувања на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2020-2022.
6. Предлог- одлука за давање согласност на текстот на Анекс договор на договорот за ЈПП солемизиран кај Нотар Васил Кузманоски под ОДУ.бр.694/15 за поделба на недвижноста.

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска** - Почитувани, по доставување на материјалите за оваа седница, добивме 3 нови предлози за дополнување на дневниот ред. Дозволете ми да предложам дополнување на дневниот ред со 3 нови точки

**Првата е – Предлог Одлука за субвенционирање на ЈП Градски Пазар – Охрид за набавка на унифицирани тезги.**

Со оваа Одлука од страна на општина Охрид на ЈП Градски Пазар Охрид, му се обезбедуваат средства од буџетот на општината за набавка на унифицирани тезги, во износ од 2.000.000, оо денари, кои се обезбедуваат од ставката “субвенции за јавни комунални претпријатија”. Имено, општината во периодот којшто претходи, два пати направила тендер и спровеле постапка за јавна набавка, но за жал, не била успешна. Со оглед на тоа што ЈП Градски Пазар кое што стопанисува со овие тезги на овој начин ќе ја реализира набавката, од една страна ќе се помогне во одржувањето на финансиската стабилност на претпријатието, а од друга страна што за сите нас како граѓани на општината е значајно, ќе

се влијае врз естетскиот изглед на тезгите кои што се поставуваат, согласно Програмата за урбана опрема.

**Втората точка со која што се предлага да биде дополнет дневниот ред, е Предлог Одлука за прифаќање донација на ламинат.**

Со оваа Одлука се прифаќа донација на 400м2 ламинат. Донатор е фирмата "Кармен бауцентар" ДООЕЛ Скопје. Како што ме известија од општината, ламинатот ќе се користи за основните училишта во градот.

**Третиот предлог за дополнување на дневниот ред е Предлог одлука за утврдување локација за поставување на спомен обележје на Григор Прличев.**

Се сеќаваме дека претходно донесовме една Одлука за дислокација на споменикот, меѓутоа за да може да се финализира постапката, потребно е и да биде донесена и оваа Одлука, каде што точно се утврдува на кое место ќе се наоѓа споменикот, односно тој ќе биде поставен во непосредна близина на Центарот за Култура "Григор Прличев"- Охрид.

**Советникот Гоце Георгиески –** Почитувани, по иницијатива на сопствениците на катамарани и чамци што се издаваат, сакам да предложам да се наложи на ЈП "Билјанини Извори", со оглед на ситуацијата во која што се затекнаа со пандемијата на корона вирусот, и неможноста да опстојат во овој период, да им се намалат закупнините барем за овие два месеци кои што следат. Ние сами донесовме Одлука за висина на цените за закуп, меѓутоа бидејќи не работат во овој период, баремн да им се намалат во одреден процент, како што ќе одлучат од јавното претпријатие.

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска** – Ви благодарам, колега Георгиески. Дали имате писмен текст, како би било формулирано и каков акт би била оваа точка?

**Советникот Гоце Георгиески –** Ова нека биде иницијатива од нас како Совет до ЈП "Билјанини Извори", а потоа ќе се изјаснат од јавното претпријатие**.**

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска –** Со оглед на тоа што треба да го испочитуваме Деловникот за работа на Советот, дали може да биде поставено како советничко прашање, да добиеме комплетен материјали на наредната седница да можеме да дискутираме.

**Советничката Лидија Петкоска –** Имам советничко прашање кое сакам да го упатам до ЈП Градски Пазар.

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска -** Откако ќе го исцрпиме дневниот ред, ќе ги поставите советничките прашања и во утврдениот рок писмено ќе добиеме одговор и ќе го имаме во предвид предлогот за наредната седница, како точка на дневен ред.

Претседателот на Советот Живка Ангелоска ги стави на гласање предлозите за дополнување на дневниот ред**.**

Предлог Одлука за субвенционирање на ЈП Градски Пазар – Охрид за набавка на унифицирани тезги, со 22 гласови ЗА станува дел од дневниот ред како 7-ма точка.

Предлог Одлука за прифаќање донација на ламинат, со 22 гласови ЗА станува дел од дневниот ред како 8 точка.

Предлог одлука за утврдување локација за поставување на спомен обележје на Григор Прличев, со 22 гласови ЗА станува дел од дневниот ред како 9-та точка.

**Дневниот ред за 44-та седница со дополнувањата се усвои со 22 гласови ЗА.**

**ПРВА ТОЧКА Предлог- одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу општина Охрид и општина Центар- Скопје.**

**Советникот Сашо Ставрески – Комисија за општествени дејности**

Членовите на Комисијата за општествени дејности со 3 гласови ЗА, ја усвоија оваа Предлог Одлука.

**Советот без расправа ја усвои Одлуката со 22 гласови ЗА.**

**ВТОРА ТОЧКА Предлог- одлука за давање на времено користење на недвижен имот-градежно земјиште кое е Градежна парцела 13.1.2 од ДУП УЗ 13 УБ 13.1, на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид.**

**Советникот Гоце Георгиески – Комисија за финансии и буџет**

Образложение во однос на Предлог Одлуката даде Бранко Арнаудовски. Членовите на Комисијата ја усвоија Предлог Одлуката со 3 гласови ЗА.

Советникот Џемал Мена – Седница на Комисијата за јавни и комунални дејности не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Советот без расправа ја усвои Одлуката со 22 гласови ЗА. .**

**ТРЕТА ТОЧКА Предлог- одлука за прифаќање на иницијативата за размена на градежно земјиште.**

Советникот Гоце Георгиески – Комисија за финансии и буџет

Оваа Предлог одлука се усвои со 3 гласови ЗА.

Советникот Кирил Пецаков – Комисија за урбанизам

Предлог Одлуката беше усвоена од членовите на Комисијата за урбанизам со 4 гласови ЗА.

**Советот без расправа ја усвои Одлуката со 21 глас ЗА.**

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска се изземе од гласањето.**

**ЧЕТВРТА ТОЧКА Предлог- одлука за измена и дополнување на одлуката за начин на спроведување на постојните урбанистички планови и урбанистичко плански документаци како и за времен прекин на постапки за утврдување правен статус на бесправно изградени обејкти, бр. 08-3172/3 од 18.03.2020 година.**

Советникот Кирил Пецаков – Комисија за урбанизам

Образложение во однос на Предлог Одлуката даде Бранко Арнаудовски.

По дискусијата на членовите на Комисијата за урбанизам, Предлог одлуката се усвои со 4 гласови ЗА.

**Советот без расправа ја усвои Одлуката со 22 гласови ЗА. .**

**ПЕТТА ТОЧКА Предлог-измени и дополнувања на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2020-2022.**

Советникот Кирил Пецаков – Комисија за урбанизам

По образложението на Бранко Арнаудовски од Секторот за урбанизам, Предлог измените и дополнувањата на Развојната Програма за изработка на урбанистички планови се усвоија со 4 гласови ЗА.

Советникот Гоце Георгиески – Комисија за финансии и буџет

Образложение во однос на измени и дополнувања на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2020-2022 даде Бранко Арнаудовски од Секторот за урбанизам.

Членовите на Комисијата за финансии ги усвоија Предлог измените со 3 гласови ЗА.

**Без расправа, Советот ја усвои Одлуката со 22 гласови ЗА.**

**ШЕСТА ТОЧКА Предлог- одлука за давање согласност на текстот на Анекс договор на договорот за ЈПП солемизиран кај Нотар Васил Кузманоски под ОДУ.бр.694/15 за поделба на недвижноста.**

Советникот Гоце Георгиески – Комисија за финансии и буџет

Членовите на Комисијата за финансии ја усвоија Предлог Одлуката со 2 гласови ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН.

**Советникот Кирил Пецаков –** Ова претставува последна инстанца од она што требаше да претставува проект којшто заедно сме го терале, без разлика дали бил колекторот, дали УНЕСКО, или јавните приватни партнерства со пазарот итн. Најбитно, на денешнава седница на Совет, покрај ова, ми е да ви се заблагодарам на сите за соработката која што ја имавме, веројатно и мое последно обраќање на Совет. Ние ќе продолжиме да си комуницираме и да имаме убава соработка. Се надевам дека во нареднава година дена вие останатите советници ќе донесите уште повеќе Одлуки кои се во корист на Охрид. Да се гледаме само за убави работи. Ви благодарам на сите за соработката што ја имавме.

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска –** Ви благодарам колега Пецаков. Во име на Советот, јас сакам да Ви се заблагодарам за конструктивноста и соработката која што ја имавме изминатите речиси три години. Заедно седевме во овие клупи. Јас мислам дека сега во иднина, со оглед на ангажманот кој што најверојатно и секако ќе Ви претстои, Вие ги знаете проблемите кои што ги имаат општините, посебно општина Охрид, па се надевам дека и таму ќе носите конструктивни Одлуки, кои што се од значење за еден подобар и подостоинствен живот во нашата општина.

**Советот со 22 гласови ЗА ја усвои Одлуката за давање согласност на текстот на Анекс договор на договорот за ЈПП солемизиран кај Нотар Васил Кузманоски под ОДУ.бр.694/15 за поделба на недвижноста.**

**СЕДМА ТОЧКА Првата е – Предлог Одлука за субвенционирање на ЈП Градски Пазар – Охрид за набавка на унифицирани тезги.**

**Советот без расправа ја усвои Одлуката со 22 гласови ЗА.**

**ОСМА ТОЧКА Предлог Одлука за прифаќање донација на ламинат**

**Без расправа, Советот ј а усвои Одлуката за прифаќање донација на ламинат со 21 глас ЗА.**

**ДЕВЕТТА ТОЧКА Предлог одлука за утврдување локација за поставување на спомен обележје на Григор Прличев.**

**Советот ја усвои Одлуката за утврдување локација за поставување на спомен обележје на Григор Прличев со 21 глас ЗА.**

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска –** Јас Ве молам да ги формулирате добро советничките прашања, за да можат службите да ги запишат и да ги достават н адлежните, на кои што се упатени.

**Советникот Гоце Георгиески -** Да се задолжи ЈП “Билјанини Извори” да ни одговори до наредната седница дали може во наредниот период да се намалат цените за закупнина и за колкав процент, за корисниците на катамараните и кајчарите, поради новонастанатата состојба со коронавирусот. Ако треба на наредната седница ќе го намалиме ценовникот за износот којшто ќе биде одреден од ЈП “Билјанини Извори” - Охрид

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска –** Кога ќе го добиеме дописот, ќе го дотавам до двете советнички групи и ќе разговараме.

**Советничката Лидија Петкоска -** Советничкото прашање се однесува на барање од закупците на тезги во Градски Пазар. На 11.06.2020 година, закупците на тезги пратиле писмено барање во кое се наведува дека поради настанатата состојба се соочиле со намален обем на работа кој се одразил со драстично намалени приходи од продажба во месеците март, април и мај. Закупците бараат да бидат ослободени од плаќање на 50% од износот за закупнина за наведените месеци, како би ја ублажиле финансиската загуба и би продолжиле со непречена работа Дали има можност да ја добијат таа помош?

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска –** Со оглед на тоа што сум запозната со ова барање, нашите надлежности како Совет, не ја допираат оваа точка. Мислам дека решението треба да го бараат најпрво кај директорот и Управниот одбор на ЈП Градски Пазар. Барем претходно, во мојот работен стаж и искуство, тие прашања завршуваа во рамките на правниот субјект кој што ја врши услугата. Вие, секако, имате право да го доставите советничкото прашање до Градоначалникот. Ви укажувам, со оглед на тоа што сум запозната. Во секој случај, ќе добиете одговор на советничкото прашање.

**Советничката Лидија Петкоска –** Ако постои можност, советничкото прашање ќе го пратиме до ЈП Градски Пазар, за што побрзо да добиеме одговор.

**Советникот Гоце Георгиески –** Знаеме дека се врши реконструкција на ул.”15-ти Корпус”, и влезот на Охрид од страна на Битола. Сиот смет од реновирањето е истурен на паркингот пред Градските гробишта. Тоа не доликува и треба да се реагира.

Седницата на Советот заврши во 12:30 часот.

Записничар,
Андријана Цветаноска

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска**